СМРТ НА ФАШИЗМОТ — СЛОБОДА НА НАРОДОТ

ПОШТАРИНАТА Е ПЛАТЕНА ВО ГОТОВО

СЛУЖБЕН ВЕСНИК

НА ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22 | Скопје, понеделник, 29 октомври 1945 год. | Год. I

Службен весник на федерална Македонија излегуе повремено. Ракописите се праќаат на адреса: Службен весник на федерална Македонија — Скопје. Ракописите не се враќаат

Цена 2 динари од табак. Претплата за 6 месеци 110 динари. Огласите се приемат по тарифата, објавена во Службен весник бр. 10. Чековна сметка бр. 83-109.

138

На основание чл. алинеја II од Законот за устројството и надлежноста на воените судови во Југословенската армија (Службениот лист на ДФЈ бр. 65 45 год.), Президиумот на Народното собрание на Македонија, по предложение на Штабот на V Армија

ИЗБРА

за присудители при Воениот суд на V армија другарите:

1) мајорот Филиповиќ Драго
2) мајорот Радошевиќ Лазо
3) мајорот Белјановски Злате
4) мајорот Оклопџија Гојко
5) мајорот Николовски Петар
6) мајорот Срезовски Владимир
7) мајорот Солунски Коне
8) мајорот Пелевиќ Сретен
9) мајорот Лазовски Јордан
10) мајорот Турковиќ Вука
11) капетанот Петковски Васко
12) пакетанот Тодоровски Јанко
13) поручникот Куновски Миле
14) капетанот Толевски Борис
15) капетанот Букеликиќ Воин
16 капетанот Равнански Боро
17) капетанот Јовановиќ Вукадин
18) капетанот Бабовиќ Милутин
19) капетанот Чукиќ Михаило и
20) капетанот Ефтимовски Благое

Президиум на Народното собрание на Македонија

Секретар, Д-р Б. Спиров с. р.

Претседател, М. А. Ченто с. р.

139

Решение за ослободување од должноста членовите на Врховниот федерален суд на Македонија: Тасе Трпевски, Кемал Сајфула и Кемал Аголи.

РЕШЕНИЕ:

1) По потребата на службата се ослободуат од должноста членовите на Врховниот федерален суд на Македонија:

Тасе Трпески,
Кемал Сајфула и
Кемал Аголи.

2) Истите другари се ставаат на располагање на Претседателството на народната влада на федерална Македонија.

Скопје, 28 јуни 1945 година

Президиум на Народното собрание на Македонија

Секретар, Д-р Б. Спиров с. р.

Претседател, М. А. Ченто с. р.

140

На основание чл. 11 од Законот за изземајне на воените пачалби, стекнати за време на окупацијата, Президиумот на Народното собрание на Македонија, за членои на Федералната комисија ги

ИМЕНУВА:

1) Стефан Настев, трговец од гр. Скопје
2) Траіко Мишевски,
3) Мехмед Расим,
4) Димитар Стојчев и
5) Шаип Мустафа.

Скопје, 6 јуни 1945 година

Президиум на Народното собрание на Македонија

Секретар, **Д-р Б. Спиров** с. р.

Претседател, **М. А. Ченто** с. р.

141

Президиумот на Народното собрание на Македонија

Р Е Ш И

Да се уважи оставката на Мире Анастасов, претседател на Врховниот федерален суд на Македонија.

Скопје, 28 мај 1945 година

Президиум на Народното собрание на Македонија

секретар,
Д-р Борис Спиров с. р.

претседател,
Методија Андонов-Ченто с. р.

142

Президиумот на Народното собрание на Македонија го

И М Н У В А

Васил Калајџиевски за претседател на Врховниот федерален суд на Македонија.

Секретар, Д-р Б. Спиров с. р.

Претседател, М. А. Ченто с. р.

143

Президиумот на Народоното собрание на Македонија

Р Е Ш И

да се уважи оставката на Лазо Мојсов, јавен обвинител при Судот за судење престапленијата извршини против Македонската национална чест.

Скопје, 19 мај 1945 година

Президиумот на Народното собрание на Македонија

Секретар Д-р Борис Спиров с. р.

Претседател,
Методија Андонов Ченто с. р.

144

По предложение на претседателсството на Народната влада на федерална Македонија, Президиумот на Народното собрание на Македонија доенесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

за спроведуење избори за окружни народни одбори во федерална Македонија.

Чл. 1) Да во федерална Македонија се спроведат избори за окружните народни одбори.

Се овластуе Претседателството на народната влада на федерална Македонија да ги спроведе горните избори.

Скопје, 18 јуни 1945 година

Президиум на Народното собрание на Македонија

Секретар, **Д-р Б. Спиров** с. р.

Претседател, **М. А. Ченто** с. р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ И ШУМАРСТВО

145

П Р А В И Л Н И К

За контрола на максималното исползуење на часните запреги

Чл. 1.

Месниот земјоделски одбор ке направи попис и преглед на сите коњски, воловски и кравји запреги на часните стопани во своето место. За таја работа, месниот земјоделски одбор ке се ползуе со пописот на зевгарите и коњите, кој го направиле уште порано месните народни органи за мобилизацијата. По направениот попис на запрегите месниот земјоделски одбор ке одреди лице, које ке води евиденција за запрегите на часните стопани. При прегледот и пописот на запрегите, месниот земјоделски одбор ке одреди на секој стопанин колку земја има да обработи во одредено време, а при това ке води сметка за квалитетот на земјата и запрегите, као и за бројот на работните денови.

Чл. 2.

Секоја запрега на часните стопани ке требе да изоре од 40 до 60 декара на месец, према долбочината на орањето, квалитетот на земјата и запрегата. Под долбоко орање се разбира орање за коноп, а под плитко, орање на жита. Поред кажаната работа запрегата требе секој ден да работи и овоа: да сее, да влачи, да пренесуе пченка и царевична шума.

Работата на запрегите при задолжителните работи за обновата на земјата, ако тија работи бидат наредени е смануе нормираната плошт.

Чл. 3.

Во евиденцијата за часните запреги за секој стопанин на запрегата на засебен лист ке напише следното:

1) име и презиме на стопанинот на запрегата;

2) улица и број на кукјата;

3) бројот на запрегите со кој стопанинот располата;

4) плошта која требе стопанинот да ја изработи;

5) бројот на работните денови;

6) колку е изорал, извлачил и посејал;

7) колку дена во седмицата работел и

8) бројот на деновите кога запрегата работела на задолжителните работи за обновата на земјата и на други работи.

Чл. 4.

Месниот земјоделски одбор ке ја подели општинската плошт за обработуење по реони, а за секој реон ке одреди лугје, кој ке имаат за должност да надгледаваат и вршат контрола како се исползуе часните запреги во реонот.

Секој стопанин на запрегата ке добие контролен лист во кој ке биде внесено след-

ното: име и презиме на стопанинот на запрегата и другите податци споменати во чл. 3. Надзирателот неделно контролира и проверува на самото место податците кој ги стопанинот внесол во листот и ако не работел секој ден ке соопшти това на месниот земјоделски одбор.

Чл. 5.

Месниот земјоделски одбор ке соопштуе на референтот по земјоделие при околијскиот народен одбор секоја недела за исползуењето на часните запреги во своето место, се означуе на плоштa која е обработена со часните запреги во местото. Околијскиот референт за земјоделието ке соопштава това веднага на Окружниот сеидбен одбор по телефон или телеграма. Поред това ке направи табеларни преглед за исползванието на часните запреги во околијата и тој преглед ке го пракја секој месец на окружниот референт, а овој ке ги испракја на сеидбениот одбор при министерството за земјоделие и шумарство.

Чл. 6.

Кога е стопанинот на запрегата обработил својата земја, а не работи под наем кај часните стопанн ,требе веднага да се јави со својата запрега во месниот земјоделски одбор за работа на народните земјоделски имоти. Одборот пак, часните запреги кој ги има на расположение ке ги исползва веднага за обработуење на народните земјоделски имоти во своето место. Надзирателот за работите со часните запреги ке пријавуе веднага на месниот земјоделски одбор секој стопанин чиата запрега е слободна.

Чл. 7.

На секој частен стопанин на запрегата, кој нема да ја исползва својата запрега по овој правилник ке му се мобилизира запрегата за бесплатно обработуење на земјата на онија што пострадали во војната, на тија што немаат никого, на тија што се во единиците во Југословенската армија, а немаат запреги, и за обработуење на народни земјоделски имоти. Одлуката за мобилизацијата на часните запреги за овиа работи ке е донесе месниот народен одбор потраженото на председателот на месниот земјоделски одбор.

Чл. 8.

На стопаните на часните запреги за работа под наем кај часните стопани и на народните земјоделски имоти, као и во случај на мобилизација, која не е предвидена во чл. 7 во овој правилник ке се плати по декар:

За орање 150 до 200 динари

за преносуење и сеење 100 до 150 динари.

Месниот земјоделски одбор ке ја одреди према месните условија висината на наградата во границите на горните форми.

Чл. 9.

Правилникот влегува во сила од денот на објавуенето му.

Министер за земјоделието
и шумарство
Б. Фотев с. р.

146

Со цел да се овозможи подпомогне и организира обработуењето на стопанствата на мобилизираните или на лица кои поради објективните причи не се во состојание да си обработат своите стопанства, Министерството за земјоделие и шумарство на федерална Македонија ја донесува следната

УРЕДБА

За обработуењето на стопанствата на мобилизираните или на лица кои не можат да работат своите стопанства.

Чл. 1.

Право на подпомогане при обработуењето на стопанствата имаат следните лица:

а) сите лица мобилизирани во Југословенската армија;

б) лица кои не са во состојание да ја обработуат својата земја поради тоа што настрадале од окупацијата или од војните событија;

в) бедните земјоделски стопанства кои според преценката на месниот народен одбор не се во состојание да ги обработуат своите стопанства.

Чл. 2

За да се осигура поголем успех во горниот смисол, се организираат земјоделски работни групи кои ке имаат за цел да најрационално го изполвзуат трудот при денешните условија;

Чл. 3.

Исто така се организира максимално използуване на добитокот и инвентарот кои може да служи за земеделска работа.

Чл. 4.

Народните одбори се органи кои ке исполнуват оваа уредба.

Чл. 5.

Месните, општинските и градските народни одбори ке изработуат спискови од кои ке се гледа кој домакинства имаат нужда од помокі, во каков вид и размер на работата и за кое време. Така изработените спискови ке служат во истото време и како основен план за изполнуењето на поставените цели во оваа уредба.

Чл. 6.

Во секое населено место се организираат работни групи составени од мажи и жени кои не подлежат на мобилизација, а способни за работа и кои немаат стопанства или такви, во кои не се постојано завземени.

Чл. 7.

Во случај на неодложна полска или друга работа месниот народен одбор наредуе на определените лица да во определен ден рабо-

таат во стопанствагана мобилизираниот и друго лице кои има право на помош предвидена во чл. 1 т. а) б) и в) на оваа уредба.

Чл. 8.

На работните групи и на поедините работници од тија групи, народниот одбор ке даде писмено известие. По случај на извикување на раоота истите се задолжуат да во одреденото време и место со потребниот алат ако таков има да зопочнат со работата.

Чл. 9.

Извршената работа од работните групи или од поедините работници по површината, времето и квалитетот може да биде помала од средната работа при истите условија на сопствените им стопанства.

Чл. 10

За подобра евиденција, секој кој подлежи на помагање е должен предварително да го извести месниот народен одбор, за да може истиот да направи правилен разпоред на разполагаемите работници, добиток и инвентар.

Чл. 11.

Стопанинот на стопанството кое требе да биде обработено ке се извести предварително и ке му се саопшти во што ке се состои помошта ако е случајот таков да може да се предвиди истата.

Чл. 12.

Домакинствата на мобилизираните или лица кои не са во состојание да ја обработат земјата поради тоа што пострадале од окупацијата или војните собитија, а кои се во состојание да платат работниците, а не можат сами да најдат такви, месниот народен одбор им ги посочуе, но гледа да не бидат платени по малку од средната слободна надница за истата работа и во истото населено место.

Чл. 13.

Народниот одбор потребниот број работници за изработуењето на земјоделските работи, ги бара нужните работници од месната синдикална подружница. До колку немаат таква или работниците са во недостиг, ке се прибегне кон грагјанската мобилизација.

Чл. 14.

Домакинствата на мобилизираните или други кои имаат работна снага, а немаат добиток се должни да на лицето кое помагало со својот добиток да му ја вратат услугата во надници определени од месниот народен одбор.

Чл. 15.

Подпомогнато домакинство ако има возможност е должно да изработи истиот број надници, со колку е било помогнато, во стопанството напомагателот, ако истиот има такво, или пак ке работи на некоја общто полезна работа одредена од месниот народен одбор.

Чл. 16.

Ако во случај на недостиг на работна снага во одреденото населено место, работници ке се земат од соседните села и околии но со предходното споразумение и одобрение на повишиот народен одбор. Движението на работниците од еден округ во другиот ке се изврши со одобрението на министерството на земјоделие и шумарство, а со согласието на Земскиот синдикален сојуз. За префрлуенето на добитокот и инвентарот исто така нужно е одобрението од министерството за земјоделието и шумарство.

Чл. 17.

Уредбата ке се исполнуе од денот на објавуенето и во Службен весник на федерална Македонија.

Министер за землоделието и шумарство **Б. Фотев**, с. р.

147

За да се уједначат цените на основните животни намирници и спречи шпекулацијата со нив, Министерството на трговијата и снабдуењето на федерална Македонија ја донесуе следната

НАРЕДБА

За максимирање на цените на овоштието и зарзаватот

Чл. 1

Долу поброените произведенија ке се продаваат на едро од производителите франко околијскиот центар на производствениот реон по следните цени:

1) Коштани	по 6 — 8 дин.	за 1 кгр.
2) Ораси	по 15—18 дин.	за 1 кгр.
3) Бадеми	по 22—25 дин.	за 1 кгр.
4) Јаболки	по 5 — 8 дин.	за 1 кгр.
5) Круши	по 6 —10 дин.	за 1 кгр.
6) Кромпири	по 5 — 6 дин.	за 1 кгр.
7) Зелки	по 2 — 3 дин.	за 1 кгр.
8) Кромит	по 5 — 6 дин.	за 1 кгр.
9) Прас (без перја	по 3—4 дин.	за 1 кгр.

Чл. 2

Цените предвидени со чл. 1 од ова Наредба се за произведенија добри и здрави за консумација.

Чл. 3

Народните одбори се задолжаваат оште одма да ги максимират цените на дребно за произведенијата поброени во чл. 1 на ова наредба, урачунавајки со горните цени стварните превозни трошкови од производствениот реон до околијскиот центар на консумацијата и бруто печалбата на едро најмногу до 10% и на дребно најмногу до 25 %.

Чл. 4

За исполнението на прописите на ова Наредба и за одржуење на максимираните цени ке бидат одговорни прочелниците и референтите за трговија и снабдуење при народните одбори.

Чл. 5

Ова наредба стапуе на снага со денот на нејзиното објавуење.

За Министер
на трговијата и снабдуењето
министер на финансиите
Љубчо Арсов, с. р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА
ОГЛАСЕН ДЕЛ

Огласи на изборните комисии

43

Окружната изборна комисија за скопскиот округ во состав: председател Константин хаџи Костов, секретар Филип Филиповски и член Џемаил Усеин, на своето заседание од 9 октомври 1945 година, на основание чл. 25 став 5 од Законот за изоор на народните претставители за Уставотворната скупштина го донесе следното

РЕШЕНИЕ:

Се потврдуе како прва по ред кандидатската листа за Скопскиот округ во состав на Сојузната кандидатска листа на Народниот фронт со носител Маршалот на Југославија Јосип Броз — Тито, за изоор на народни представители за Сојузната листа за Уставотворната скупштина, кои ќе се извршат на 11. ноември 1945 година, а која е поднесе на од името на Народниот фронт од Ванчо Унковски чиновник, Бошњак Јовановски, Стефан судија и Мишко Атанасов.

МОТИВИ

Окружната изборна комисија во гр. Скопје утврди, дека поднесената окружна листа за Скопскиот округ е составена согласно одредбите на Законот за избор на народни представители за Уставотворната скупштина и затоа реши истата да биде потврдена.

Секретар: Претседател,
Филип Филиповски, с. р. К. х. Костов с. р.

44

ОГЛАС

Окружната изборна комисија за Битолскиот изборен округ на основание чл. 25 од Законот за избор на народните претставители за Уставотворната скупштина ја потврди Окружната кандидатска листа на Народниот фронт за округ битолски.

Во состав на Сојузната листа на Народниот фронт на Југославија со носител Маршалот на Југославија Јосип Броз-Тито, со следните кандидати и заменици:

1. За изборна околија - гр. Битола:

кандидат: Влахов Димитар Јанакиев, председател на Земскиот одбор на Народниот фронт на Македонија.

заменик: Дума Д-р Александар Христов, лекар од Битола.

2. За битолско-мориовска изборна околија

кандидат: Фотев Благоја Наумов, министер на земјоделието—Скопје.

заменик: Ускоски Рамиз Селманов, земјоделец од с. Будаково

3. За охридско-ресенска изборна околија

кандидат: Узуновски Цветко Николов, полковник на Југословенската армија—Скопје.

заменик: Пирузе Петар Сотиров, судија на Врховниот суд на Д. Ф. Ј. —Охрид.

4. За прилепска изборна околија:

кандидат: Ченто Методија Андонов, претседател на Президиумот на Народното собрание на Македонија—Скопје.

заменик: Крстевски Киро Ташев, мајор на Југословенската армија — Скопје.

5. За крушевско-бродска изборна околија:

кандидат: Кутурец Тома Николов, чиновник од Крушово.

заменик: Синадиноски Љубе Тренев, земјоделец од с. Ропотово

6. За кичевска изборна околија:

кандидат Алексоски Борис Крстев-Карче, подпредседател на окружниот народен одбор во Прилеп

заменик: Канлагоски Емин Абдулов, фотограф од Кичево.

7. За струшка изборна околија:

кандидат: Малески Владе, студент од Струга.

заменик: Рахман Лога Сали, земјоделец од с. Паук, струшка околија.

Ова листа е прва по ред и е потврдена на 15 октомври 1945 год.

Смрт на фашизмот — слобода на народот!

Секретар, Претседател,
Ил. Божиновски, с. р. **А. Стрезоски**, с. р.

45

ОГЛАС

Окружната изборна комисија за Штипскиот изборен округ на основание чл. 25 од Законот за избор на народните претставители за Уставотворната скупштина, ја потврди окружната кандидатска листа на Народниот фронт, во состав на сојузната листа на Народниот фронт на Југославија со носител Маршалот на Југославија **Јусип Броз-Тито.**

1. За штипската изборна околија (штипска и радовишка адм. околии):

кандидат: Арсов Љупчо Дончов, потпредседател на Народната влада на Македонија и министер на финансиите-Скопје, родом од Штип;

заменик: Тонев Стојмен Трајков, председател на окружниот народен одбор-Штип, родом од Радовиш.

2. За кочанската изборна околија (кочанска злетовска и виничка адм. околии):

кандидат: Михајловски Кирил Богданов-„Груица“ мајор, Командант на Војното подручје-Штип родом од Виница;

заменик: Поповски Благоја Јорданов, техник-хемичар од Кочани.

3. За царево-селската изборна околија (царево-селско, пехчевска и беровска адм. околии):

кандидат: Гјорговски Васил Тодоров, апотекар од Царево село.

заменик: Андонов Симо Иванов, прочелник на окружниот народен одбор-Струмица родом од Пехчево.

4. За струмичката изборна околија:

кандидат: Василев Гјорги министер на градежите—Скопје, родом од Струмица;

заменик: Палифоров Иван Василев, председател на окружниот народен одбор Струмица.

5. За гевгелијската изборна околија (гевгелијска и валандовска адм. околии):

кандидат Петрушев Киро Динев, министер на внатрешните работи — Скопје родом од с. Богданци Гевгелијско.

заменик Дуганова Васка секретар на Главниот одбор на НОМС — Скопје родом од Гевгелија

Ова кандидатска листа е потврдена како прва по ред на 13 октомври 1945 година во 12 сатот.

Смрт на фашизмот — слобода на народот!

Секретар: **Јордан Белоградски**, с. р.

Председател: **Мане хаџи Пецов**, с. р.

46

ОГЛАС

Окружната изборна комисија за Велешки от изборен округ на основание чл. 25 од Законот за избор на народни представители за Уставотворната Скупштина, ја потврди Окружната кандидатска листа на Народниот фронт во состав на Сојузната листа на Народниот фронт на Југославија, со носител Маршалот на Југославија Јосип Броз — Тито.

Округ Велешки,

1. За изборната околија велешка:

кандидат: Гигов Страхил Андов, министер на индустријата — Скопје;

заменик: ивановски Стоилко Костадинов, учител — Велес.

2. за изборната околија Свети Николска:

кандидат: Бурзевски Ванчо Наумов, студент од Св. Николе — Белград.

заменик: Мустафов Саид Алилов агроном — Св. Николе.

3.за изборната околија кавадарсо-неготинска:

кандидат: Минчев Никола Борисов, министер на просветата — Скопје.

заменик: Сулејманов Бејзат Муратов, земјоделец — неготинско.

Оваја кандидатска листа е потврдена како прва по ред, на ден 5 октомври 1945 година во 8 саатот пред ручок.

Секретар, Председател,

Димче Галапчев, с. р. **Борис Нојков**, с. р.

47

Изборната комисија за гр. Скопје, на основание чл. 25 од Законот за избор на народни преставители за Уставотворната скупштина, на десети октомври 1945 година потврди единствената кандидатска листа за гр. Скопје, како посебен изборен округ, а за избор на народните преставителн за Уставотворната скупштина, кои ке се извршат на 11 ноември 1945 година. Кандидатската листа е во состав на Сојузната кандидатска листа на Народниот фронт на Југославија со носител Маршалот на Југославија Јосиф Броз Тито, а со кандидати:

За прва изборана околија Јосиф Броз Тито, претседател на Сојузната влада на Демократска федеративна Југославија — Белград;

заменик: Лазар Колишевски, претседател на Народната влада на федерална Македонија — Скопје;

за втора изборна околија Хаџи Мустафа Хасан Шукри, рентиер од гр. Скопје;

заменик: Зографски Атанасов Димче, претседател на Градскиот народен одбор град Скопје;

Посебен кандидат за другата изборна околија, врзан за окружната листа, Ибраим Абаз Кјамил, ходжа од гр. Скопје

заменик Томо Николов Поленаков работник од гр. Скопје

Претседател,

Миладин Ш. Чапароски с. р.

Секретар,

Благоје Николовски с. р.

СУДСКИ ОГЛАСИ

I. Согласно чл. од законот за конфискацијата „Службени лист“ Д. Ф. Ј. Бр. 40 од 12. VI. 1945 год. и неговото аутентично толкување „Службени лист“ Д. Ф. Ј. Бр. 56 од 5. VIII. 1945 год. се објавує извод од пресудата на Судот за судење на престапленијата против Македонската национaлн чест Бр. 98 од 1. VII. 1945 год. со која е осуден на конфискација на имотите Васил А. Манушев од гр. Куманово која гласи:

Васил А. Манушев се осудує на (4) четири години губење на националната чест, една година лека принудна работа и полна конфискација на имотот.

II. Согласно чл. 7 од цитираниот закон и неговото аутентично толкување во истите „Службени листови“ се канат кредиторите на осудениот да во рок од 15 дена од објавуењето на овој оглас во „Службениот лист“ на Федерална Македонија, пријават на овој суд својте барања.

Од Околискиот народен суд во Куманово Бр. 1912/45.

48

I. Согласно чл. 15 од Законот за конфискацијата „Службен лист“ Д. Ф. Ј. Бр. 40 од 12. VI. 1945 год. и неговото аутентично толкување „Службени лист“ Д. Ф. Ј. Бр. 56 од 5. VIII. 1945 год. се објавуе извод од пресудата на Вишиот војни суд при Главниот штаб на Југословенската армија за Македонија. Бр. 87 од 24 мај 1945 год. со која е осуден на конфискација на имотите Јован Нас. Величковски од гр. Куманово, а која гласи:

Вишиот војни судски совет при Главниот штаб на Југословенската армија за Македонија ја разгледа пресудата на Воениот суд на Скопската воена област Совет при Кумановското воено подручие од 13 мај 1945 год. Бр.219 за кривични дела спекула против оптуженио:

Јован Нас. Величковски од Куманово и го осудува како следва:

Јован Нас. Величковски од Куманово се осуди на (1) година присилна работа условно за (1) една година и на конфискација на најдените стоки.

II. Согласно чл. 7 од цитираниот закон и неговото аутентично толкување во истите „Службени листови“ се канат кредиторите на осудениот да во срок од 15 дена од објавувањето на оваја објава во „Службениот лист“ федерална Македонија, пријават на овој суд своите барања.

Од Околискиот народен суд во Куманово, Бр. 1916/45.

49

I. Согласно чл. 15 од Законот за конфискацијата „Службен лист“ Д. Ф. Ј. Бр. 40 од 12. VI. 1945 год. и неговото аутентично толкување „Службени лист“ Д. Ф. Ј. Бр. 56 од 5. VIII. 1945 год. се објавуе извод од пресудата на Вишиот војни суд при Главниот штаб на Југословенската армија за Македонија. Бр. 87 од 24 мај 1945 год. со која е осуден на конфискација на имотите Костадин Дишков, трг. од Куманово, а која гласи:

Вишиот војни судски совет при Главниот штаб на Југословенската армија за Македонија ја разгледа пресудата на Воениот суд на Скопската воена област Совет при Кумановското воено подручие од 13 мај 1945 год. Бр.219 за кривични дела спекула против оптуженио:

Костадин Дишковски трг. од Куманово, и го осудува како следва:

Костадин Дишковски трг. од Куманово, се осуди на казна од (5) пет години присилна работа, на губиток на грагјанската и војнишката чест за време од (5) пет години, и конфискација на 3/4 три четврти од целокупната му имовина и конфискација на сокриената му стока.

II. Согласно чл. 7 од цитираниот закон и неговото аутентично толкување во истите „Службени листови“ се канат кредиторите на осудениот да во срок од 15 дена од објавувањето на оваја објава во „Службениот лист“ федерална Македонија, пријават на овој суд своите барања.

Од Околијскиот нроден суд во Куманово, Бр. 1917/45.

50

I. Согласно чл. 15 од Законот за конфискацијата „Службен лист“ Д. Ф. Ј. Бр. 40 од 12. VI. 1945 год. и неговото аутентично толкување „Службени лист“ Д. Ф. Ј. Бр. 56 од 5. VIII. 1945 год. се објавуе извод од пресудата на Судот за судење на престапленијата против Македонската национална чест бр. 98 од 1. VII. 1945 год. со која е осуден на конфискација на имотите Киро Крстев од гр. Куманово, која гласи:

Киро Крстев се осудува на три години губене на националната чест, шест месеца тешка принудителна работа и конфискација на кукјата што ја купил во време на окупацијата во Куманово.

II. Согласно чл. 7 од цитираниот закон и неговото аутентично толкување во истите „Службени листови“ се канат кредиторите на осудениот да во срок од 15 дена од објавувањето на оваја објава во „Службениот лист“ федерална Македонија, пријават на овој суд своите барања.

Од Околијскиот нроден суд во Куманово, Бр. 1920/45.

51

I. Согласно чл. 15 од Законот за конфискацијата „Слубени лист“ Д. Ф. Ј. Бр. 40 од 12. VI. 1945 год. и неговото аутентично толкување „Службени лист“ Д. Ф. Ј. Бр. 56 од 5. VIII. 1945 год. се објавуе извод од пресудата на Судот за судене на престапленијата против Македонската национална чест Бр. 98 од 1. VII. 1945 год. со која е осуден на конфискација на имотите Тодор Пановски од гр. Куманово, која гласи:

Тодор Пановски се осудува на (2) две години губење на националната чест и конфискација на неговиот дел во млнот „Куманово“.

II. Согласно чл. 7 од цитираниот закон и неговото аутентично толкуване во истите „Службени листови“ се канат кредиторите на осудениот да во срок од 15 дена од објавувањето на овја објава во „Службениот лист“ на федерална Македонија, пријават на овој суд своите барања.

Од Околискиот народен суд во Куманово, Бр. 1918/45.

52

По барањето на Сулаков Гонов Илија, от село Стојаково-Гевгелијско, покренат е поступак при овој суд за поништуењето на потврдата издадена од главната комисија за истеглјуење и размена на банкнотите-Скопје, серија 3 № 025019 на сума од 101.490.-сто една хилјада четиристотини и деведесет лева.

Се повикуе секој кој ја има горната потврда да во рок од еден месец од денес,т. е.

од денот на објавувањето на овој оглас во службениот весник, истата ја донесе во овој суд, или да стави приговор против поништувањето, во противен случај после овој срок потврдата ке се огласи за поништена.

Од околијскиот Народен суд во гр. Скопје, бр. 2522-6 октомври 1945 год.

53

I. Согласно чл. 15 од Законот за конфискацијата „Службен лист" Д. Ф. Ј. Бр. 40 од 12. VI. 1945 год. и неговото аутентично толкување „Службени лист" Д. Ф. Ј. Бр. 56 од 5. VIII. 1945 год.. се објавува извод од пресудата на Судот за судене на престапленијата против Македонската национална чест Бр. 98 од 1. VII. 1945 год. Со која е осуден на конфискација на имотите Славко Масев, од гр. Куманово, која гласи:

Славко Масев се осудува на пет години губене на националната чест, три години тешка принудна работа и конфискација на една кукја во гр. Куманово.

II. Согласно чл. 7 од цитираниот закон и неговото аутентично толкуване во истите „Службени листови" се канат кредиторите на осудениот да во срок од 15 дена од објавуенето на оваја објава во „Слубениот лист" на федерална Македонија, пријават на овој суд своите барања.

Од Околискиот народен суд во Куманово, Бр. 1919/45.

54

По барањето на Трајко Јорданов Велев, столар од Штип се покрена поступак за поништуенето на потврдата издадена од Главната комисија за истеглуење и размена на окупационите банкноти, — Штип № 000050, серија „Ж", а на сума од 262.100 лева.

Се покануе секој кој ја има горната потврда да во срок од еден месец од денот на објавувањето на овој оглас во Службениот весник на федерална Македонија истата ја донесе во овој суд, или да стави приговор против поништуенето, оти след овој срок, потврдата ке се огласи за поништена.

Од Штипскиот околијски народен суд Бр. 511/45 год.

МАЛИ ОГЛАСИ

Уволнителниот билет издаден од Командата на гр. Скопје — на име Јован Атанасов Бошковски од с. Гари, дебарска околија е изгубен и го прогласувам за невалиден.

Јован Атанасов Бошковски, слаткар во гр. Скопје.

55

56

Школското свидетелство за свршено VII оделение како приватен ученик издадено од Основното училиште во гр. Струмица под бр. 113/45 на име Стојко Иванов Манчев е изгубено и го прогласувам за невалидно Стојко Иванов Манчев од с. Ново Село околија струмичка.

57

Личната карта бр. 31 издадена, на мое име од месниот народен одбор Крива Паланка е изгубена и ја прогласуам за невалидна. Павле Г. Маноилов самаржија од гр. Крива Паланка.

58

Личната карта бр. 299/45 издадена од месниот народен одбор гр. Крива Паланка на моје име е изгубена и ја прогласуам за невалидна. Васе Крстев Стојчев, касапин од гр. Крива Паланка.

59

Свидетелството за зрелосен испит издаден од кумановската гимназија под бр. 8/103 — 1941 година на Јован Благоев Пешевски е изгубено. Се објавуе за невалидно

60

Свидетелство за зрелосен испит издадено од гимназијата во Ваљево бр. 41 од 1940 год. на мое име, го огласувам за невалидно — Иван Никоски.

СОДРЖАЈ

Стр.

138 Избор на пресудители при Војниот суд на V армија — — — — — — 136

139 Решение за ослободуење од должност на членовите од Врховниот федерален суд — — — — — — — — — — 135

140 Именование на Комисија за земање на војните печалби — — — — — 135

141, до 144 Решенија на НАРСМАК — — 136

145 Правилник за контрола и максимално исползуење на часните запреги — — 136

146 Уредба за обработуење на стопанствата на мобилизираните или на лица кој неможат да работат своите стопанства — — — — — — — — — 137

147 Наредба за максимирање на овоштието и зарзаватот — — — — — — — 138

43 до 60 Огласен дел — — — — — —140—142

Државна штампарница „Гоце Делчев" — Скопје